МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЛОВНИТЕ ОБЈЕКТИ И ПЛОМБИРАЊЕТО И ЕВИДЕНТИРАЊЕТО НА РИБОЛОВНИОТ АЛАТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на обележување на пловните објекти (чамци) и пломбирањето и евидентирањето на риболовниот алат.

## Член 2

Пловните објекти (чамци) кои се користат за стопански риболов покрај ознаката на чамецот за вршење стопански цели согласно прописите за внатрешна пловидба, на средината на чамецот од двете страни дополнително се обележуваат со евидентен број за стопански риболов и знаме за препознавање.

Евидентниот број за стопански риболов се состои од две букви и два броја, определени од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. Бројките и буквите се аплицираат, се флуоресцентни и се со димензии 17 x 8 cm.

Знамето за препознавање е црвено, пластифицирано, со правоаголна форма и со димензии 30 x 20 cm. На знамето со црна боја е втисната ознака ВСР (вршител на стопански риболов). Знамето е закачено на јарбол и се поставува на висина не помала од 60 см од горниот раб на чамецот.

## Член 3

Рибарскиот алат (мрежи за стопански риболов) се пломбираат и се означуваат со пловки.

Пломбите се оловни, имаат жиг и се поставуваат на горните два краја од мрежата.

Рибарскиот алат (мрежите за стопански риболов) поставени во риболовната вода на двата краја се означуваат со црвени пластични пловки во топчеста форма со дијаметар не помал од 20 cm. Пловките се обележани со истиот евидентен број за стопански риболов на пловниот објект (чамецот) со кој се врши риболовот.

## Член 4

Евидентирањето на риболовниот алат (мрежите за стопански риболов) се врши пред неговата прва употреба и претходно пломбирање, а се брише од евиденција со неговото расходување.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08 – 2635/1
20 февруари 2008 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Ацо Спасеноски, с.р.